8.7.1.5. Доколку при изработка на ДУП се јави потреба од предвидување на нов приклучок на улици од секундарна сообраќајна мрежа на примарната мрежа планирана во ГУП, истите се дозволени, ако ги исполнуваат уловите од член 74 и 75 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање ("Сл.Весник на РМ" бр. 63/12).

8.7.1.6. При изработка на главни проекти на улиците или делниците на улиците имаат променливи попречни профили, првенствено мора да се води сметка да се обезбедуваат што поповолни ширини на коловозите, а потоа и на другите елементи од регулационите профили.

8.7.1.7. Јавно паркирно или гаражно место е наменето за било кое патничко возило под услови што ги определува надлежниот орган на локалната самоуправа. Јавните паркирни и гаражни места се дел од јавните сообраќајни површини.

8.7.1.8.Потребниот број на паркинг места ќе се определат согласно важечките стандарди и нормативи, за поединечни намени при изработка на ДУП.

8.7.1.9. Сите останати паркирни и гаражни места се наменети за потребите на субјектите во чие владение се наоѓаат, за потребите на нивните деловни соработници и други корисници и не се сметаат за дел од јавните сообраќајни површини.

8.7.1.10. Градбата на останатите паркирни и гаражни места е обврска на инвеститорот што гради објект.

8.7.1.11. Низ градот поминува траса на железничка пруга за која е изработен основен проект и како таква е предвидена во планот со запазување на нормативи за заштитен појас на истата.
- Согласно член 59, став (4) од Закон за железничкиот систем (Сл.весник бр.48/10) во населени места од градски карактер може да се предвидат градби со урбанистички планови чие градење може да биде на растојание кое не смее да биде помало од 10 метри сметајќи од крајната точка на пружниот појас.
Железнички пружен појас е земјен појас од двете страни на и под трупот на пругата определен со инвестиционо техничка и експропријациона документација, во ширина од по најмалку 1,0 метар од двете страни, сметано од долниот раб на земјениот труп на пругата во насип, односно горниот раб на земјениот труп на пругата во усек.

8.7.1.12. Усвоена ширина на заштитниот појас на железничка пруга за ГУП Крива Паланка е земјишен појас од двете страни на пругата, широк по 10 метри, сметајќи од крајната точка на пружниот појас.

### 8.7.2. Инфраструктурни системи

8.7.2.1. Под инфраструктурни системи се подразбираат системи за водовод, канализација, електична мрежа, ПТТ мрежа, гасовод и оптички надземен и подземен вод.

8.7.2.2. Основни решенија на инфраструктурни системи во овој ГУП имаат информативен карактер т.е. целта им е да укажат на концепциите за развој на комуналните објекти и инсталации што произлегуваат од идејните решенија наведени во предходниот став.

8.7.2.3. Понатамошната реализација и дооформување на системите на комуналните инсталации ќе продолжи да се одвива по пат на предходна изработка преку главни проекти, при што мора да се води сметка за важечките технички нормативи, стандарди и потреби на подрачјето за кое се изработува главниот проект.

8.7.2.4. Потрошувачката на вода во градот се движи од 40-60 литри во секунда. Планираната потребна количина на вода ќе се пресмета преку долунаведената формула за 14960 жители кои се предвидени во планската проекција:

$Q_{max/h}=N_k \times Q \times a_1 \times a_2/86400$
$N_k$ - број на жители
Q - водоснабдителна норма Q=250l/ден/жител
$a_1$ - коефициент на дневна нерамномерност $a_1=1.3$
$a_2$ - коефициент на часова нерамномерност $a_2=1.5$
$Q_{max/h}=84l/s$

Нова количина на вода се планира да се донесе од Станечка Река во село Станци преку транспортен цевковод кој ќе биде со должина од 7 км, и профил од Ф300 (НД 315). Водата во филтер станицата ќе доаѓа по потреба, од 10-50 литри во секунда.

8.7.2.5. Одведувањето на отпадните води според проекции за новопланираните жители од 14960 и нови површини за други плански намени ќе се пресметува согласно

Потребниот проток на отпадни води изнесува:
$q=N_k \times Q_0 \times F/14 \times 3600$
$N_k$ - број на жители
$Q_0$ -водоснабдителна норма $Q_0$ = 250l/ден/жител
F - вкупна површина која се анализира F=615ха
q=195l/s

Потребно е да се предвиди изградба на нова пречистителна станица надвор од градот, каде ќе се пречистуваат отпадните води од двата колектора.

**Рл** просечен годишен пораст на потрошувачка (%)

За предвидување на максимални снаги, треба да се користат податоци од минатото како и методот на удвостручување на снага и методот на просечен пораст на максимални снаги:

$$P_t = P_o \times 2^{T/d}$$

$$P_t = P_o (1+P/100)^T$$

каде што е :

**$P_T$** - максимална снага по време од **T**-години (MW)

**Po** - максимална снага во почетна година (MW)

**T** - број на години

d - број на години за кои максималната снага ќе се удвостручи

p - просечен годишен пораст на максимални снаги

8.7.2.9. За дефинирање на вкупниот број на приклучоци се поаѓа од принципот "на секоја станбена единица и припаѓа еден телефонски приклучок". За површината наменета за мали комерцијални и деловни објекти, како и јавните институции, дистрибуција и сервиси, се предвидува еден телефонски приклучок на 50-100м$^2$.

За да може да се искористат големите можности на новите дигитални системи постоечката ПСТН мрежа се менува со мрежа на интегрирани услуги со која се пренесуваат повеќе видови на податоци преку иста мрежа.

8.7.2.10.Во границите на планскиотопфат поминува надземни 35кВ водови кои ќе останат во употреба и бо планскиот период. За нив со ова планска документација, предвидени се заштитни коридори со широчина 20м. Се препорачува нивно каблирање при што да се предвидат заштитни коридори со широчина од 1.6м. Трасите на подземните 35кВ водови ќе се одредат со планови од пониско ниво.

8.7.2.11. Низ градот поминува траса на магистрален гасовод Ф530мм, и гасовод Ф108мм, нанесени согласно добиените податоци од АД ГА-МА.

- ширината на заштитниот појас на магистралниот гасовод Ф530мм е 30 метри
- ширината на заштитниот појас на гасовод Ф 108мм е три метри
- ширината на заштитмиот појас на шахти и регулациона станица е 15 метри.

8.7.2.12. При изработка на ДУП потребно е да се предвиди проширување на постоечката мерна регулациона станица "Карпош".

8.7.2.13. Со современите движења на развојот на регионот и пошироко се предвидува поврзување на градот Крива Паланка со регионалниот вод на гасоводна инфраструктура, т.е. изградба на Магистрален гасовод Ф530мм и градски гасовод Ф108мм. со предвидување на нови површини за мерни регулациони станици.

8.7.3.10. Заради изградба на нови или реконструкција или доградба на постојни објекти кои се наоѓаат во или покрај површинските води, објекти коишто поминуваат преку или под површинските води или пак објекти кои се сместени во близина на површинските води или крајбрежните земјишта, а кои можат да влијаат врз режимот на водите треба да се обезбеди водостопанска согласност од Министерството за животна средина и просторно планирање согласно Законот за води.

Со допис број 11-11034/2 од 20.12.2013 Министерството за животна средина и просторно планирање издава водостопанска согласност заради изградба на нови или реконструкција или доградба на постојни објекти, кои се наоѓаат во или покрај површинските води или пак објекти кои се сместени во близина на површинските води или крајбрежните земјишта, а кои можат давлијаат врз режимот на водите.

## 8.8. Градителско наследство

За недвижните објекти што се регистрирани како споменици на културата или евидентирани како објекти со својство на споменик на културата грижа ќе води Управа за заштита на културно наследство согласно Законот за заштита на културно наследство (Сл. весник на РМ бр. 20/04). Изработени се заштитно конзерваторски основи на недвижно културно наследство од страна на Национален конзерваторски центар за делови од градот каде истите се евидентирани. Со овие заштитно конзерваторски основи е потврден статусот на петходно заштитените недвижни добра и се дава предлог за заштита на други незаштитени добра кои се евидентирани на теренот - најголем дел од нив во централното градско подрачје.

Од извршениот увид на предметниот опфат со цел да се утврди наследениот градителски фонд на ниво на градот Крива паланка, се заклучува дека има помал број на објекти со високи архитектонски вредности во однос на објектите кои имаат амбиентална вредност.

Во границата на предметниот плански опфат на ГУП за град Крива Паланка, постојат две недвижни добра кои имаат статус на заштитено културно наследство:

1. Сакрален објект - црква Свети Димитрие. Црквата е активен верски објект, изградена во 1833 година, со живопис од 1837 година и кула камбанарија од 1935 година. Објектот се наоѓа во добра физичка состојба.
2. Индивидуален објект - куќа на ул. Никола Тесла бр. 35. Објектот е изграден во XIX век и е во добра физичка состојба.

За овие заштитени добра не е завршена постапката за ревалоризација и тие остануваатсо статус на заштитени недвижни добра до моментот кога ќе бидат предмет на редефинирање на нивните вредности, значење, граници и режим на заштита.

Објектите кои со овие заштитно конзерваторски основи се означени како недвижни добра кои заслужуваат да бидат заштитени се со различни карактеристики и вредности и се создавани во различни временски периоди. Со нив се одреден број од овие објекти се предложени за идна валоризација.

- Респектирањето на вредностите на културното наследство и постојната конфигурација на теренот;
- Во зоните каде се регистрирани последователни објекти со втор степен од режимот на заштита, кои формираат делови од уличната фасада, наметнуваат обврска за почитување на параметрите од овие објекти, во дефинирањето на интегралниот уличен фронт;
- Во подрачјето на зафатот, висината на објектите да кореспондира со профилот на постојната улична мрежа;
- Катноста и височината на објектите да се утврдат како сеопфатни анализи и прилагодување кон општиот амбиент и просторните репери дефинирани со регистрираните објекти со предложената валоризација и ревалоризација;
- Зачувување на урбаната матрица во одредени зони, валоризираните објекти на ул. Св. Јоаким Осоговски (Старата чаршија) и делови од подрачјето на преостанатите поединечни валоризирани/ ревалоризирани објекти;
- Постоечките отворени површини кои се користат како паркинзи или парковски зони треба да се задржат и во идните планови, заради обезбедување на непречени визури кон архитектонските репери.

### 8.9. Услови за потребите на инвалидизираните лица

8.9.1. Со Закон за просторно и урбанистичко планирање ("С.в. на РМ бр. 51/05, 137/07, 91/09, 124/10, 18/11, 53/11 год), донесени се стандарди и нормативи за урбанистичко технички услови за потребите на инвалидизирани лица, со кои се одредуваат просторните стандарди, урбанистичко техничките услови и нормативи за спречување на создавање на архитектонско - урбанистички баријери, кои можат да го спречат или отежнат движењето на инвалидизирани лица.

8.9.2. При реконструкција на објектите, односно сообраќајниците, да се вградат елементите на овие насоки, во смисла на изведба на рампи, обележување на стаклените површини, закосување на тротоарите и слично.

### 8.10. Просторна организација на градот

8.10.1. Градот Крива Паланка е поделен на 20 (дваесет) Блокови, со вкупна површина од 615.0ха. Блоковите се со нееднаква површина и тоа:

Блок 1 со површина 112.66ха,
Блок 2 со површина 28.12ха,
Блок 3 со површина 65.60ха,
Блок 4 со површина 15.70ха,
Блок 5 со површина 3.78ха,
Блок 6 со површина 9.78ха,
Блок 7 со површина 12.01ха,
Блок 8 со површина 17.58ха,
Блок 9 со површина 33.85ха,
Блок 10 со површина 39.43ха,
Блок 11 со површина 47.85ха,
Блок 12 со површина 47.41ха,
Блок 13 со површина 28.28ха,
Блок 14 со површина 21.17ха,
Блок 15 со површина 16.14ха,
Блок 16 со површина 45.14ха
Блок 17 со површина 9.26ха,
Блок 18 со површина 10.40ха,
Блок 19 со површина 30.81ха,
Блок 20 со површина 20.03ха.

## 9.1.Мерки од аспект на заштита на животната средина

Последниве години концептот на заштитата на животната средина во планирање на градовите се базира на превентивен пристап односно вклучување на еколошки фактори во донесување на планско-инвестициона одлука.

За состојбата на животната средина карактеристично е:

- *нарушување на квалитетот на воздухот, водата и земјиштето, особено заради сообраќајот, употреба на фосилни горива и производни активности;*
- *големо ниво на загадување, особено со сумпор диоксид и оксиди на азот;*
- *големи трошкови за рехабилитација на земјиштето и екосистемот.*

Заради овие и други проблеми кои се последица на неадекватното планирање, донесени се многу меѓународни документи кои укажуваат на пристап што е напланирањето. За подобрување на квалтиетот на урбаната средина потребно е да се превземат неколку активности:

- *урбанистичко и просторно планирање ;*
- *оптимално управување со индустриски и економски развој, потрошувачка на електрична енергија и отпадоците;*
- *рационализација на сообраќај;*
- *заштита на обработливо земјиште и зелените површини;*

Кај постоечките и новопредвидените површини за градба, позначајни функции во дел од градот, од аспект на загадување на човековата околина нема да има со исклучок на загадувањето од сообраќајот и затоплувањето на објектите.

Минимално аерозагадување ќе се јави во грејните сезони кога низ оџаците на објектите ќе се испуштаат штетни материи во воздухот.

На подрачјето на планскиот опфат може да се изврши поделба на основните групи на загадување, со дадени основни смерници и мерки за заштита на истите:

- *загадување на воздухот од грејни тела;*
- *загадување на воздух од моторни возила;*
- *загадување на воздух од индустриски објекти*

## 9.2.Мерки за заштита од техничко- технолошки непогоди

Како технолошки непогоди се: пожари, експлозии, контаминација на воздухот и водата, хемиски загадувања и други причини кои можат да доведат до загрозеноста на човекот, материјалните добра и еколошкаа загрозеност на просторот.

За избегнување на овие катастрофи и намалување на последиците се превземат мерки за заштитата:

- одржување на опремата и инсталациите за сигурност при користење на опасни материјали во разни технолошки процеси.
- заштита на животна средина од емисија на опасни материи;

Со сигурност не може да се одреди реалниот ефект и последици по средината, односно санитарната состојба на воздухот. Врз основа на карактерот на површини за градба, се оценува дека квалитетот на воздухот релативно задоволува и дека не постои изразито загадување со штетни материи на воздухот на предметната територијата.

Мерки и заштита од аерозагадување и зачувување на квалитетот на воздухот вградени во планот се:

- *обезбедени се услови за ефикасно природно проветрување;*
- *подобрена е состојбата на зелените површини со правилен распоред, создавање на поврзан систем на зелени површини на локацијата;*
- *потребна е постојна контрола на загадувачите на атмосферата;*
- *користење на горива кои содржат помалку штетни состојки;*
- *контрола на загадувачите на атмосферата и донесување програми за отстранување на причините за загадувањето;*

### 9.5.Заштита од бучава

Бучавата претставува значаен фактор со неповолно влијание што поизразито се манифестира во последните децении како резултат на зголемен број на возила. Према меѓународните стандарди и нормативи нивото на бучавата дозволено во урбаните подрачје е до 60 децибели.

Смалување на бучавата, од сообраќајот кој се одвива по сите сообраќајници, во опфатот може да се направи на три начини:

1. *Спречување на бучава на самиот извор;*
2. *Спречување на изложување на луѓето на бучава со лични заштитни средства;*

### 9.6.Заштита на води

Во заштита на животната средина еден од основните приоритети е и заштита на водите. Големи загадувачи претставуваат отпадните води од канализацијата и септички јами. Затоа приоритети во заштита на животната средина е изградба на канализациони системи за прифаќање на истите. Затоа е потребно:

- *проектирање и изведување на канализациона мрежа во се према важечки прописи и стандарди;*
- *мерки за испитување на квалитетот на водите;*
- *водотеци-земање узорци и мерење на квалитетот на водата,*
- *мерки на објектите кои ја загадуваат водата;*
- *заштита на квалитет на водата на самите изворишта на загадување;*

Да се обезбедат техничко-технолошки мерки за испитување на квалитетот на водите во природните реципиенти:

- *водотеци - континуирано мерење на параметри кои укажуваат на квалитетот на водата, воведување техничко-технолошки мерки на објектите кои ја загадуваат водата;*

- опфатот на урбаното подрачје е во градот, а во исто време во сопствени парцели ќе обезбеди доволно количество на вода;
- предвидените приоритетни групи на задачи за интервенции во водоснабдителниот систем се воедно и плански мерки за пуспешна заштита од пожари на целата територија ;

Со остварувањето на предвидените задачи ќе се обезбедат потребните количини вода и притисоци во мрежата за гаснење на пожари.

Што се донесува во хидрантската мрежа таа е предмет на планирање на пониски нивои.

Се наметнува прашањето за обезбедување на слободни неизградени простори околу различните видови објекти како позитивни фактори во успешната противпожарна заштита. Исто така ова упатува на потреба од примена на такви градежни материјали што се поотпорни за пренесување на пожари. И едното и другото барање се предмет на обработка во Деталните урбанистички планови во кои се определуаат покрај останатото и диспозициите на објектите, нивните намени, меѓусебни просторни односи, односи кон уличната мрежа;

Заштитата од пожари опфаќа мерки и дејности од нормативен, оперативен, организационен, управен, надзорен, технички, образовно воспитен и пропаганден карактер.

Заради што поуспешна заштита од пожар потребно е објектите да се градат според сите законски нормативи и мерки, потребно е да се овозможи непречено движење на противпожарно возило околу секој објект и да се предвиди посебна надворешна, хидрантска мрежа.

Во Генерален урбанистички план Крива Паланка, заради остварување на поуспешна заштита од пожари, се предвидуваат соодветни мерки за заштита, а особено за:

1. Широчината, носивоста и проточноста на патиштата со кои ќе се овозможи пристап на противпожарни возила до секој објект и нивно маневрирање за време на гаснењето на пожарите.
2. Одалеченост на објектите со различна намена, отпорноста на пожари на конструкцијата во зоната на комерцијалните објекти, ќе овозможи мерки за заштита од пожари;
3. Да се избере правилен избор во вградените материјали и конструкции.
4. Вградување на противпожарни пречки.

За заштита од пожар, при градба на објектите се врши детална анализа и процена на опасностите од пожар, со оглед на вграденот материјал и применетите конструкции на објектот и врз основа на тоа се предвидуваат мерки за заштита од пожар при што посебно се обрнува внимание на:

1. Растојание меѓу објектите на избраната локација и конструктивно-градежните и техничките мерки што произлегуваат од диспозицијата на објектите.
2. Потребно количество и притисок на вода за гаснење на пожар.
3. Потребни уреди, техничка опрема и средства за гаснење на пожар,

### 9.11.Мерки за заштита и спасување од свлекување на земјиштето

Треба да се има предвид конфигурацијата на теренот со оглед на конфигурацијата на теренот, претпоставува можно настанување на свлекување на земјиштето, потребно е да се изготви елаборат од извршени геомеханички, геолошки и хидротехнички испитувања., Елаборатот треба да се изработи при изработка на Основниот проект, за поединечни градби.

### 9.12.Мерки за заштита од неексплодирани убојни средства

Доколку при расчистување на теренот, потребно за отпочнување за изградба на објектите, се наиде на минско експлозивни средства, потребно е да се извести Дирекција за заштита и спасување, подрачна единица Крива Паланка, која по излегување на терен, ќе ги даде понатамошните инструкции по кои треба да се постапува.

### 9.13.Мерки за заштита и спасување од поплави

Во предметниот плански опфат, се наоѓаат Крива река и Дурачка река, кои се типично рамничарска со мноштво на меандри и изразито инундационо корито. Крива река ја чинат повеќе помали реки и една од тие која се влева спојуваат во самиот град е и Дурачка река која има ридски стрмен тек.

Поради ова при големи води може да настане излевање на речниот тек вон границите на ирундационото корито и предизвикува поплави, па е присутна потреба за регулација на речниот тек. Поројните текови насочни кон градот се регулирани додека пороите помеѓу селата не се регулирани.

Поради ова се јавува потреба за изведба на регулација на речното корито која ќе ги исполни сите стандарди за заштита од поплави за усвоените 50 годишни големи води и за овој дел од градот, каде се наоѓа предметниот плански опфат. При изградба на самиот објект потребно е да се запазат и сите техничко-технолошки услови за изгрдба.

Поради самата конфигурација на теренот и природниот одлив на атмосферските води, поголеми количини дожд како и топењето на снегот, на предметниот плански опфат не постои можност за настанување на евентуални поплави на земјиштето. Постои опасност од свлекување на земјиштето, поради што се препорачува изградба на потпорни ѕидови, кои ќе се вклопат во самото архитектонско-урбанистичко решение.

За самиот град постои можна опасност од поплави е со паѓање на поголеми количини дожд како и топење на снег. Со искористување на природниот пад на теренот и обезбедување на шахти за отекување на атмосферските води, што е предвидено во планот ќе се регулираат нивните течениа и собирања.

### 9.16.1.Режим на заштита на подрачје на опфат

- ***Споменичка Целина СТАРА ЧАРШИЈА***
  *подлежи под* ***режим на заштита од втор степен***
  Режимот на заштита од **втор степен** подразбира *зачувување на изворната состојба, а конзерваторските интервенции да не бидат во спротивност со целите на заштитата и изворниот карактер на добрата. Интервенциите главно се однесуваат на адаптација на ентериерот, а екстериерот, односно фасадите на објектите се зачувуваат.*
  Во рамките на оваа целина за идна валоризација за се предлагаат три недвижни добра кои заслужуваат да добијат заштитен третман.

- ***Контактна зона - зона на ограничена заштита***
  ***(режим на заштита од трет степен)***

  За контактната зона на споменичката целина и на поединечните заштитени добра се определува **режим на заштита од трет степен.** Ограничувањата се однесуваат на габаритот и висината на објектите.

### 9.16.2.Режим на заштита на поединечните заштитени добра

За поединечните заштитени добра кои се предмет на валоризација на ЗКО за овој план, се определува режим на заштита од втор степен, а за нивните контактни зони се предвидува режим на заштита од трет степен. Режимот на заштита на поединечните добра е даден во посебните услови за секој блок.

***Посебни мерки за заштита***

*Зачувување на изворната состојба*

Објектите со режим на заштита од **втор степен**, како главен императив имаат задржување во границите на постојната парцелација. Тоа подразбира и соодветен однос и почитување на надворешниот изглед на објектите, зачувување на постојниот габарит и височина, архитектонски елементи и др. специфични детали.

***Напомена:*** *Сите идни конзерваторско-реставраторски интервенции на заштитените недвижни добра треба да се изведуваат само врз основа на претходно одобрена проектна документација и конзерваторско одобрение, издадено од Управата за заштита на културното наследство.*

## 10. ПОСЕБНИ УСЛОВИ

## БЛОК 1 - ОСИЧКА МААЛА зазема површина од 112.66ха.

Границата на овој блок се движи на север и исток до границата на КО Дрење, на југ по регулацијата на речното корито на Крива Река, до раскрсницата на магистралната улица со ул. Јоаким Осоговски. На запад границата се движи по к.п. 551, к.п. 552, к.п. 553, к.п. 155/2 и к.п. 155/4.

Блокот е поделен на опфати за детално планирање, за кои е задолжително да се изработат детални урбанистички планови за целата нивна површина.

Вкупниот број на жители во овој блок изнесува 1121 односно 7,49% од планираниот вкупен број на жители во градот 14960. Планираниот просечен број на членови во семејство изнесува 3,2. Нето густина на живеење изнесува 13ж/ха.

- **Домување**

Вкупната површина за домување во рамки на овој блок изнесува 87,54ха, или 77,70% од вкупната површина на блокот.

Во рамките на зоната за домување се предвидуваат:

- Зона за домување во станбени куќи, со површина од 86,66ха, или 52,72% од вкупната површина на блокот.
- Зона за домување во станбени згради со површина од 0.88 ха или 0,78% во однос на блокот.

Со изработката на деталните урбанистички планови за блоковите за детално планирање обврзно е 30% од зоната за домување да се отстапат за зеленило.

- **Комерцијални и деловни намени**

Од комерцијалните и деловните намени се предвидува зона за деловни простори со површина од 0.35ха, или 0.31% во однос на површината на блокот. Оваа зона излегува на магистралната улица.

Останатите комерцијални намени ќе се обезбедат во рамките на зоната за домување согласно со компатибилноста на намените.

- **Јавни функции**

Во овој блок се предвидува зона за изградба на верски објект - црква на површина од 0,11ха или 0,1% од блокот.

Останатите јавни функции ќе се обезбедат во склоп на зоните за домување согласно со компатибилноста на намените.

- **Производство, дистрибуција и сервиси**

Во овој блок не се предвидени зони со оваа намена.

- **Зеленило, спорт, рекреација и меморијални простори**

Во рамките на овој блок се предвидени 40,76ха за зеленило и спорт и рекреација, односно 36,18% од вкупната површина на блокот. Од оваа површина за заштитно зеленило се предвидуваат 39,60ха, или 35,15% од површината на блокот и за спорт и рекреација се предвидуваат 1.16ха или 1.03% од површината на блокот. Во рамките на површината за спорт и рекреација се задржува постојниот базен и се предвидува негова реконструкција и проширување.

**БЛОК 10 - ИЛИНДЕН,** зазема површина од 39.43ха.

Границата на овој блок се движи на север по регулацијата на Крива Река, на исток се движи по долот Житен склад, на југ границата на блокот се движи по границата со КО Мартиница, а на запад по долот Скрљавски дол.

Вкупниот број на жители во овој блок изнесува 1270 односно 8,49% од планираниот вкупен број на жители во градот 14960. Планираниот просечен број на членови во семејство изнесува 3,2. Нето густина на живеење изнесува 46ж/ха.

Блокот е поделен на опфати за детално планирање, за кои е задолжително да се изработат детални урбанистички планови за целата нивна површина.

- **Домување**

Вкупната површина за домување во рамки на овој блок изнесува 27,72ха, или 70,3% од вкупната површина на блокот.

Во рамките на зоната за домување се предвидуваат:

- Зона за домување во станбени куќи, со површина од 26,63ха или 67,54% од вкупната површина на блокот.

- Зона за домување во станбени згради со површина од 1,09ха или 2,76% од површината на блокот.

- **Комерцијални и деловни намени**

Површината предвидена за комерцијални и деловни намени во рамките на овој блок изнесува 1,42ха или 3,6% од блокот. Оваа површина е поделена на мали комерцијални и деловни намени кои заФаќаат 0.87ха или 2,21% од блокот и големи трговски единици со површина од 0.55ха или 1,40% од површина на блокот.

- **Јавни функции**

Вкупната површина предвидена за јавни функции во овој блок изнесува 4,03ха или 10,22% од вкупната површина на блокот. Од оваа површина, 1.43ха или 3.63% од блокот се предвидени за образование, (основно образование, средно образование и високо образование), 2,17ха или 5,5% од блокот се планираат за здравство и социјална заштита - болница и 0.43ха или 1,09% од блокот се за државни институции.

- **Производство, дистрибуција и сервиси**

Во овој блок се предвидени површини за лесна и незагадувачка индустрија со вкупна површина од 1.95ха, или 4.95% од вкупната површина на блокот.

- **Зеленило, спорт, рекреација и меморијални простори**

Во рамките на овој блок се предвидува зона за спорт и рекреација со површина од 0.98ха или 2.49% од блокот.

- **Инфраструктура**

Под инфраструктура на површина од 3,03ха или 7,68% од овој блок припаѓ аат на регулираното корито на Крива Река и бензинска пумпна станица. Од вкупната површина на коритото на Крива Река е планирано на 2,76ха или 7,00% од блокот, а за бензинска пумпна станица се планира површина од 0.27ха - 0.68% од блокот.

## НУМЕРИЧКИ ПОДАТОЦИ ЗА БЛОК 10 - ИЛИНДЕН

Површини на основните класи на намена и нивен процентуален однос со површината на блокот.

| НАМЕНА НА ПОВРШИНА | | П(ха) | % |
|---|---|---|---|
| ДОМУВАЊЕ | | 27.72 | 70.3 |
| | ДОМУВАЊЕ ВО СТАНБЕНИ КУЌИ | 26.62 | 67.54 |
| | ДОМУВАЊЕ ВО СТАНБЕНИ ЗГРАДИ | 1.09 | 2.76 |
| КОМЕРЦИЈАЛНИ И ДЕЛОВНИ НАМЕНИ | | 1.42 | 3.60 |
| | МАЛИ КОМЕРЦ. И ДЕЛОВНИ НАМЕНИ | 0.87 | 2.21 |
| | ГОЛЕМИ ТРГОВСКИ ЕДИНИЦИ | 0.55 | 1.40 |
| ЈАВНИ ИНСТИТУЦИИ | | 4.03 | 10.22 |
| | ОБРАЗОВАНИЕ - средно и основно училиште и високо образование | 1.43 | 3.63 |
| | ЗДРАВСТВО И СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА болница | 2.17 | 5.50 |
| | ДРЖАВНИ ИНСТИТУЦИИ | 0.43 | 1.09 |
| ПРОИЗВОДСТВО ДИСТРИБУЦИЈА И СЕРВИСИ | | 2.22 | 5.63 |
| | ЛЕСНА И НЕЗАГАДУВАЧКА ИНДУСТРИЈА | 2.22 | 5.63 |
| ЗЕЛЕНИЛО И РЕКРЕАЦИЈА | | 0.98 | 2.49 |
| | СПОРТ И РЕКРЕАЦИЈА | 0.98 | 2.49 |
| ИНФРАСТРУКТУРА | | 3.06 | 7.76 |
| | КОМУНАЛНА СУПРАСТРУКТУРА бензинска пумпна станција | 0.28 | 0.71 |
| | КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА Крива Река | 2.78 | 7.05 |
| ГРАНИЦА НА БЛОК 10 | | 39.43 | 100.0 |

## ОПФАТИ ЗА ДЕТАЛНО ПЛАНИРАЊЕ

**Блокот 10 е поделен на 5 опфати за детално планирање.**

**Опфат 10А** е со површина од 11,89ха и ги содржи намените:

- А1 - домување во станбени куќи со вкупна површина од 3,66ха
- А2 - домување во станбени згради со вкупна површина од 0,50ха
- Б1 - мали ком. и деловни намени, со вкупна површина од 0,38ха
- В1 - образование и наука - средно училиште со вкупна површина од 0,61ха и високо образование со вкупна површина од 0,33ха
- В4 - државни институции со вкупна површина од 0,43ха
- Г2 - лесна и незагадувачка индустрија со вкупна површина од 2,22ха
- Е1 - комунална инфраструктура Крива Река, со вкупна површина од 2, 78ха
- Д3 - спорт и рекреација со површина од 0,98ха

# 11.БИЛАНСНИ ПОКАЗАТЕЛИ

## 1.1. Нумерички показатели

| НАМЕНА НА ПОВРШИНА | П(ха) | % |
|---|---|---|
| ДОМУВАЊЕ | 437.82 | 71.20 |
| ДОМУВАЊЕ ВО СТАНБЕНИ КУЌИ | [illegible] | [illegible] |
| ДОМУВАЊЕ ВО СТАНБЕНИ ЗГРАДИ | [illegible] | [illegible] |
| ГРУПНО ДОМУВАЊЕ | [illegible] | [illegible] |
| ВРЕМЕНО СМЕСТУВАЊЕ | [illegible] | [illegible] |
| КОМЕРЦИЈАЛНИ И ДЕЛОВНИ НАМЕНИ | 8.21 | 1.33 |
| МАЛИ КОМЕРЦ. И ДЕЛОВНИ НАМЕНИ | [illegible] | [illegible] |
| ГОЛЕМИ ТРГОВСКИ ЕДИНИЦИ | [illegible] | [illegible] |
| ДЕЛОВНИ ПРОСТОРИ | [illegible] | [illegible] |
| ХОТЕЛСКИ КОМПЛЕКСИ | [illegible] | [illegible] |
| ЈАВНИ ИНСТИТУЦИИ | 12.85 | 2.09 |
| ОБРАЗОВАНИЕ | [illegible] | [illegible] |
| ЗДРАВСТВОТО СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА | [illegible] | [illegible] |
| КУЛТУРА | [illegible] | [illegible] |
| ДРЖАВНИ ИНСТИТУЦИИ | [illegible] | [illegible] |
| ВЕРСКИ ИНСТИТУЦИИ - цркви | [illegible] | [illegible] |
| ПРОИЗВОДСТВО ДИСТРИБУЦИЈА И СЕРВИСИ | 26.75 | 4.35 |
| ЗЕНИТ И НЕШКОДЕЧНА ИНДУСТРИЈА | [illegible] | [illegible] |
| СТОПАНИШТА | [illegible] | [illegible] |
| ЗЕЛЕНИЛО И РЕКРЕАЦИЈА | 69.44 | 11.29 |
| ПАРКОВСКО ЗЕЛЕНИЛО | [illegible] | [illegible] |
| ЗАШТИТНО ЗЕЛЕНИЛО | [illegible] | [illegible] |
| СПОРТ И РЕКРЕАЦИЈА | [illegible] | [illegible] |
| МЕМОРИЈАЛНИ ПРОСТОРИ - гробишта | [illegible] | [illegible] |
| ИНФРАСТРУКТУРА | 59.93 | 9.74 |
| КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА Долна Река | [illegible] | [illegible] |
| КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА Крива Река | [illegible] | [illegible] |
| КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА - дел | [illegible] | [illegible] |
| КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА | [illegible] | [illegible] |
| КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА | [illegible] | [illegible] |
| КОМУНАЛНА СУПРАСТРУКТУРА | [illegible] | [illegible] |
| НЕКОМПАТИБИЛНА ИНФРАСТРУКТУРА | [illegible] | [illegible] |
| ГРАНИЦА НА ПЛАНСКИ ОПФАТ | 615.00 | 100.0 |

| 11.2. СПОРЕДБЕНИ БИЛАНСНИ ПОКАЗАТЕЛИ | | |
|---|---|---|
| Параметри | Документациона основа | Планска документација |
| ДОМУВАЊЕ | 143.39 | 437,82 |
| А1 - Домување во станбени куќи | 137.29 | 428.44 |
| А2 - Домување во станбени згради | 4.65 | 8.82 |
| А3 - Групно домување | 0.40 | 0.42 |
| А4 - Времено сместување | 1.05 | 0.14 |
| КОМЕРЦИЈАЛНИ И ДЕЛОВНИ НАМЕНИ | 2.82 | 8,24 |
| Б1 - Мали комерц. и деловни намени | 0.88 | 2,78 |
| Б2 - Големи трговски единици | 1.53 | 4.02 |
| Б4 - Деловни простори | 0.41 | 0.64 |
| Б5 - Хотелски комплекси | / | 0.77 |
| ЈАВНИ ИНСТИТУЦИИ | 8.26 | 12,85 |
| В1 - Образование | 1.84 | 5.73 |
| В2 - Здравство и социјална заштита | 2.46 | 4.33 |
| В3 - Култура | 0.24 | 0.28 |
| В4 - Државни институции | 3.12 | 1.27 |
| В5 - Верски институции | 0.60 | 1.24 |
| ПРОИЗВОДСТВО, ДИСТРИБУЦИЈА И СЕРВИСИ | 16.54 | 26.75 |
| Г2 - Лесна и незагадувачка индустрија | 15.60 | 24.63 |
| Г3 - Сервиси | 0.46 | / |
| Г4 - Стоваришта | 0.48 | 2.12 |
| ЗЕЛЕНИЛО, СПОРТ, РЕКРЕАЦИЈА И МЕМОРИЈАЛНИ ПРОСТОРИ | 11.35 | 69,44 |
| Д1 - Парковско зеленило | 0.26 | 0.34 |
| Д2 - Заштитно зеленило | / | 54.73 |
| Д3 - Спорт и рекреација | 2.92 | 9.27 |
| Д4 - Меморијални простори | 8.17 | 5.10 |
| ИНФРАСТРУКТУРА | 70.21 | 59,93 |
| Е1 - Комунална инфраструктура | 66.16 | 55.91 |
| Е2 - Комунална супраструктура | 2.77 | 3.24 |
| Е3 - Некомпатибилна инфраструктура | 1.28 | 0.78 |
| НЕИЗГРАДЕНО ЗЕМЈИШТЕ | 378.05 | / |

Изработиле:

Ивана Стоилковска д.и.а.

Александар Гелевски д.и.а.
*Овластување бр.0.0143*

Валентина Барџиќ Спасовска д.и.а.
*Овластување бр. 0.0053*

Цветанка Маркушоска д.и.а.
*Овластување бр.0.0007*

8.1.2. За површини планирани во ГУП наменети за потребите на одбраната може да се донесе детален урбанистички план по претходно добиена согласност од Министерството за одбрана.

8.1.3. ГУП не може непосредно да се применува за станбената градба од било каков вид и од било каков обем.

8.1.4. Урбанистичките планови од пониско ниво, мора да бидат усогласени со Генерален урбанистичкки план.

8.1.5. ГУП се применува директно и во случаи ако тоа е предвидено со Закон

8.1.6. Одделни поими и изрази употребени во ГУП го имаат следното значење:

- *Наменска зона* е ограничена површина на градежно земјиште со иста наменска употреба на земјиштето. Иста наменска употреба на земјиштето зоната има кога: е составена од една иста намена при што зоната е хомогена; слични и истородни намени чија што меѓусебна компатибилност овозможува релативна наменска хомогенизација; различни, но компатибилни намени при што едната преовладува, односно повеќе застапена и станува именител на зоната; различни, но компатибилни намени без преовладувачка застапеност ниту на една од нив, при што мешањето на повеќе намени на ист простор станува основи карактеристика и именител на зоната (зона на мешана намена).

- *Регулациона линија* е линија на разграничување помеѓу градежно земјиште за општа употреба и парцелирано градежно земјиште за поединечна употреба

8.1.7. Службата за заштита на спомениците на културата ги прогласува за споменици на култура објектите кои имаат посебно историско значење и урбано-архитектонско значење. Потребно е активно вклучување на спомениците на културата во современиот живот, односно да се ревитализира употребна вредност во современите услови на нивното постоење со можност за нова намена која оптимално ќе одговара на нивното поранешно значење.

### 8.2. *Зона со намена - Домување*

8.2.1. Основен, а воедно и најдоминантен вид на градба во зона за домување се станбените објекти. Во зависност од бројот на становите станбените објекти можат да бидат станбени куќи, станбени згради, објекти за групно домување и објекти за времено сместување.

8.2.2. Во зона за домување можат да се предвидат и градат објекти со намени, компатибилни на домувањето. (за комерцијални и деловни намени, јавни институции, зеленило и рекреација.)

8.2.11. Максимална височина на венец за станбени куќи е предвидена да изнесува 10.20 метри, додека за другите објекти максимална височина на венец ќе биде во согласност со важечките Законски прописи и нормативи.

### *8.3. Зона со намена - Комерцијални и деловни намени*

8.3.1. Во зона со намена Комерцијални и деловни намени се подразбираат градби со намена: мали и големи трговски единици, големи угостителски единици, деловни простори, хотелски комплекси и градби за собири.

8.3.2. Во зона со комерцијална и деловна намена можат да се предвидат и градби со компатибилни намени, согласно важечките стандарди и нормативи.

8.3.3. Сите инвеститори на нови комерцијални и деловни објекти се должни да обезбедуваат паркирни места за лесни коли за свои потреби и за своите деловни соработници во се према законските прописи.

8.3.4. Максималната височина на градбите ќе се определи со изработка на ДУП. Ако се работи за зони лоцирани на терен во пад, утврдувањето на височината се врши со назначување на апсолутната кота до која може да се реализира изградбата на објектите, поврзана со визурите на соседните објекти и содржини од погорната зона.

8.3.5. Доколку зоната со комерцијална и деловна намена граничи со зона за домување треба да се внимава, при предвидување на градби да не се врши битно нарушување на условите на живеење во станбените објекти, поаѓајќи од следниве начелни права:

- право на сонце
- право на непречено владение со имот
- право на визура

8.3.6. Градбите со комерцијална и деловна намена кои граничат со зона за домување, не смее да го намали времето на осончување на ниедна од фасадите на околните објекти во време на зимскиот солстициј, под претпоставка на фасадите на станбените објектите да има прозори.

8.3.7. Типот на кровот и висината на слемето на градбите со комерцијални и деловни се определува со изработка на ДУП. Доколку зоната граничи со зона за домување, а постои терен во пад (над 10% косина), при определување на висината на слемето се внимава на запазување на непречена визура на секој станбен објект поодделно.

8.3.8. Дозволено е групирање на повеќе компатибилни класи на намена со цел оптимално да се одвиваат поедините дејности без поголеми взаемни негативни влијанија како и заради подобро задоволување на заедничките комплементарни потреби.

8.4.10. Објектите со намани за здравствени услуги максимално да се доближени до граѓаните.

8.4.11. Планирањето за идните потреби за функции и објекти од општествен стандард, преку дефинирање на стандардите и нормативите служат да се предвиди и резервира потребното земјиште, по големина и диспозиција.

### *8.5. Зона со намена - Производство, дистрибуција и сервиси*

8.5.1. Во зона со намена производство, дистрибуција и сервиси се подразбираат градби со намена: тешка и загадувачка идустрија, лесна и незагадувачка индустрија, сервиси и стоваришта.

8.5.2. Во зона со намена производство, дистрибуција и сервиси можат да се предвидат и градби со компатибилни намени согласно важечките стандарди и нормативи..

8.5.3. Сите инвеститори на нови објекти се должни да обезбедуваат паркирни места за лесни коли за свои потреби и за своите деловни соработници во се према законските прописи.

8.5.4. Во деловите на зона со намена за индустрија можат да се лоцираат, пред се, поголеми работни капацитети во кои се вработени повеќе од 50 работници и за кои е карактеристична примена на релативно повисоки и посложени технологии на работа поврзани со потреби за поголеми количини енергија и циркулација на поголеми количини суровини, полуфабрикати и готови производи.

8.5.5. Во делови наменети за лесна и незагадувачка индустрија, сервиси, стоваришта можат да се лоцираат сите оние претпријатија и дејности од областа на занаетчиство ( услужно и производно) услугите, трговијата, градежништвото, сообраќајот и друго во кои ќе бидат вработени релативно мал број работници, кои не се :

- големи потрошувачи на електрична енергија
- големи потрошувачи на вода
- големи загадувачи на животна средина и произведувачи на голема бучава, односно кои можат да се лоцираат едино во делови предвидени за нечиста индустрија;
- големи потрошувачи на нафта и нафтени деривати (мах. 3 тони месечно);

8.5.6. Во делови на зона наменета за лесна и незагадувачка индустрија, сервиси, стоваришта не можат да се лоцираат оние работни организации или други стопански субјекти што се баваат со складирање и промет на цврсти течни горива, лесно запаливи отровни хемикалии и радиоактивни материи. Наведените стопански субјекти можат да се сместуваат единствено во

донесени Детални урбанистички планови изработени согласно однапред доставени програми.

8.6.5. Во програмските содржини на градските спортски центри треба да доминираат спортски објекти и спортски терени за манифестациони спортови и комерцијални спортски активности, а потоа објекти и терени за аматерска спортска рекреација.
Програмската содржина на реонските спортски центри првенствено треба да предвидуваат игралишта за мали спортови со пратечки објекти и други спортски објекти за активна аматерска спортска рекреација на младина и возрасни граѓани.

8.6.6. Деловите на урбано подрачје предвидени, за развој на реонски и градски спортски центри до предвидување на намената одредена со ГУП можат привремено да се користат за друга намена, при што нема да се дозволува зидање на било какви објекти.

8.6.7. Локациите, големините и организациите на другите зелени и спортско-рекреативни површини во рамките на урбаното подрачје ( зеленило во рамките на зоната за домување, скверови, линеарно зеленило околу јавните објекти и др.) се предмет на елаборацијата во ДУП и истите ќе бидат предвидувани согласно програмските барања и локалните услови при изработка на Деталните урбанистички планови.

### 8.7. Зона со намена - Инфраструктура

#### 8.7.1. Сообраќајни системи

8.7.1.1. Под сообраќајни системи, во смисла на овие одредби, се подразбираат:

- улична мрежа со автобуски станици и други сообраќајни објекти и површини;
- железничка пруга;
- регулација на речни корита и долови

8.7.1.2. Според значајот улиците се делат на примарни и секундарни. Примарни улици се магистрални и собирни, кои служат за движење и транспорт на учесниците во сообраќајот. Секундарна сообраќајна мрежа ја сочинуваат сервисни, станбени, индустриски и пристапни улици, кои служат за пристап на учесниците во сообраќајот кон урбаните содржини во парцелираното градежно земјиште.
Во ГУП-от се третирани примарни сообраќајници кои постојат и се планираат во градот.

8.7.1.3. Изградбата и осовременувањето на уличната мрежа мора да биде во согласност со позитивните технички прописи во сектор на нискоградбата, а врз основа на предходно изработени главни проекти кои мораат да се базираат на концепциите на урбанистичкиот план (ГУП и ДУП) и одредбите за нивно спроведување.

Ширината на заштитниот појас на железничка пруга кај тунели е просторот над тунелите во ширина од по 15 метри лево и 15 метри десно од осовината на пругата за индивидуална градба.
Постојните градби над тунелот, остануваат до реализација на пругата

8.7.1.13. Во заштитниот појас над тунелот можат да се градат згради и други објекти и да се поставуваат постројки и уреди врз основа на одобрение и под услови кои се опишани во член 59 од Законот за железничкиот систем (Сл.весник на РМ бр.48/10). Одобрението на ставот (1) на овој член го издава управителот на инфраструктурата.

8.7.1.14.Објектите (куќи и помошни објекти) кои ќе бидат предмет на експропријација заради изградба на мостовите и тунелите ќе бидат дефинирани после изработка на основните проекти за мостовите и тунелите.

8.7.1.15. Критериумите за изведба на тунелите и проектните параметри за безбедна изградба кои ќе гарантираат дека нема да има оштетување на надземните објекти, како и пристап за заштита од пожари, звучна заштита и соодветни мерки за заштита на животната средина ќе бидат дефинирани со идејни и основни проекти за тунелите.

8.7.1.16. Низ градот поминува траса на автопат-А2- коридор 8, за кој е изработен изведбен проект и како таква е предвидена во планот со запазување на нормативи за заштитен појас на истата.
Согласно член 40 став (1) од Законот за јавни патишта (Сл.весник на РМ бр. 84/08, 52/09, 114/09, 124/10, 23/11, 53/11, 44/12 и 168/12) ширината на заштитниот појас на автопат-А2- коридор 8, во кој не можат да се градат објекти или изведуваат градежни работи кои не се во функција на патот изнесува 40 метри, со исклучок на веќе постојните легално изградени градби. Согласно член 40 став (3) од Законот за јавни патишта, ширината на заштитниот појас се смета од надворешниот раб на патниот појас за секоја страна на патот посебно.

8.7.1.17. Во заштитниот појас на автопат-А2-коридор 8, не можат да се градат објекти или изведуваат градежни работи без одобрени услови издадени од ЈП за државни патишта.

8.7.1.18 Ширината на заштитниот појас на автопат-А2- коридор 8, на делот каде при проектирањето на автопатот истиот навлегувал во границите на постојниот ГУП на Крива Паланка, изнесува 10 метри, согласно член 40 став 4 согласно Законот за јавни патишта и истиот е нанесен на графичките прилози.

Со допис број 02-7273/4 од 29.11.2013 Јавното претпријатие за државни патишта дава позитивно мислење на планското решение на ГУП Крива Паланка.

Со допис број 1681/1 од 28.11.2013, ЈП Македонски железници дава позитивно мислење на планското решение на ГУП Крива Паланка.

8.7.2.6. Поребно е да се предвиди механички и биолошки третман на отпадните води од објектите во согласност со Уредбата категоризација на водотеците, езерата, акумулациите и подземните води (Сл.весник на РМ бр. 18/99).

8.7.2.7 Потребно е да се предвиди нова мрежа за атмосферската канализација која ќе ги евакуира отпадните атмосферски води од кровните површини на објектите, од површините на улиците и зелените површини. Количината на отпадните атмосферски води ќе се одреди со емпириски формули, во зависност од сливната површина, интензитет на дожд и отечниот коефициент.

$Q_{atm} = q \times F \times 0.5 \times 0.5$
F - вкупна површина која се одводнува
q - специфичен дебит (меродавен дожд за димензионирање)
коефициент на отечување - 0,5
коефициент кој се пресметува по формула - 0,5

8.7.2.8. Предвидување на потрошувачка на електрична енергија и врвна снага треба да се пресметува врз основа на пресметките каде е користен метод за удвоструччување на електричната енергија и метод на просечен пораст.

- *Метод на удвоструччување на на потрошувачка на електрична енергија*

Прогнозата на потрошена електричната енергија по ова метода се пресметува по формулата:

$$E_T = E_0 \times 2^{T/д}$$

каде што:

$E_T$ - потрошена ел. енергија по време од **T**-година (MWh)

$E_0$ - потрошена ел. енергија во почетна година (MWh)
**T** - број на години
д - број на години за кои потрошувачката на ел. енергија ќе се удвоструччи

- *Метод на просечен пораст на потрошувачката на електрична енергија*

Предвидување на потрошена ел.енергија по оваа метода се пресметува по формулата:

$$E_T = E_0 (1 + P/100)^T$$

каде што:

$E_T$ - потрошена ел. енергија по време од **T**-година (MWh)

$E_0$ - потрошена ел. енергија во почетна година (MWh)
**T** - број на години

### 8.7.3. Регулација на реки и водотеци

8.7.3.1. Во град Крива Паланка постои регулирано речно корито на Крива Река со профил од 40 метри и Дурачка река со профил од 8 метри.

8.7.3.2. Покрај регулираните речни корита во градот се утврдуваат следниве порои:
- Пороj 'Мини дол' во населба Белево;
- Пороj 'Скљавски дол';
- Пороj 'Куков дол';
- Пороj "Нимулија";
- Пороj "Цигански дол' во населба Единство;
- Пороj "Домачки дол';
- Пороj Грамаѓе 1, Грамаѓе 2, Грамаѓе 3
- Пороj "Бојанов Дол"

8.7.3.3. Заради заштита на коритата и бреговите на природните водотеци, се забранува изградба во крајбрежен појас.

8.7.3.4. Ширината на крајбрежниот појас на уредените речни корита на Крива Река и Дурачка река изнесува 5,0 метри мерено од крајната линија на регулацијата на речното корито.

8.7.3.5. Ширината на крајбрежниот појас на уредените речни корита и бреговите на сите останати водотеци, порои, изнесува 5,0 метри.

8.7.3.6. Постојните објекти кои се изградени на помало растојание остануваат и понатаму да функционираат. Во колку се јави неопходна потреба од изградба на нов објект на помало растојание од наведеното, истиот би можело да се предвиди со претходно добиена согласност од органот надлежен за управување со води.

8.7.3.7. За реки и долови кои не се регулирани а се во планскиот опфат на градот се предвидува изведување на регулирано речно корито, кое ќе се предвиди при изработка на ДУП, а со претходна изработка на проект на речното корито.

8.7.3.8. Заради заштита и спречување на оштетување на водостопански објекти и постројки се забранува да се изведуваат градби или да се вршат работи со кои се оштетуваат објектите и постројките.

8.7.3.9. Изведување на водостопански објекти и постројки да се врши во согласност со прифатени современи техники и стандарди, прилагодени на научно-техничкиот развој на начин кој нема да предизвика негативно влијание врз режимот на водите и врз корисниците.

Основниот мотив за валоризација на наследениот градителски фонд кој се состои од различен вид на архитектонско творештво не треба да биде само зачувувањето на преостанатите градби и амбиент од некогашната Стара чаршија, туку и на останатите недвижни добра кои се наоѓаат на различни локации низ урбаните единици. Тие се значајни *репрезенти на минатото* и го сочинуваат севкупното градителско наследство на Крива Паланка, кое треба да се вклопи и интегрира во современиот плански концепт на градот.

Со овие заштитно конзерваторски основи се предлагаат следните објекти за идна валоризација:

А. СПОМЕНИЧКА ЦЕЛИНА "СТАРА ЧАРШИЈА"

- Објект на ул. Св. Јоаким Осоговски - *Стара чаршија* - КП 2831
- Објект на ул. Св. Јоаким Осоговски - *Стара чаршија* - КП 2832
- Објект на ул. Св. Јоаким Осоговски - *Стара чаршија* - КП 2834/1

- Куќа на ул. Прохор Пчински бр. 8 -КП 2150
- Куќа на ул. Иво Рибар Лола бр. 11 - КП 2850/1
- Локална установа - Градски музеј на Крива Паланка - КП 2133
- Куќа на ул. Борис Кидрич бр. 39 - КП 2178
- Куќа на ул. Борис Кидрич бр. 41 - КП 2177
- Куќа на ул. Илинденска бр. 40 - КП 1657
- Стара општинска зграда, ул. Јоаким Осоговски бр. 175 - КП 805
- Дел од тврдина, ул. Јоаким Осоговски бр. 175 - КП 804
- Спомен црква со костурница, ул. Јоаким Осоговски - КП 3653

Со овие заштитно конзерваторски основи се предвидуваат следните параметри за спроведување на основите:

**α. Параметри во однос на предложените објекти за валоризација**

Од податоците дадени во ЗКО произлегуваат следниве главни насоки за третман на овие објекти идните урбанистички зафати во смисла на:

- Почитување на одредени доминантни визури, почитување на висините на завршните венци заради континуитет на уличната фасада во функција на почитување и задржување на специфичниот континуитет на тој дел од градската слика
- Во поглед на функцијата овие објекти и нивните контактни зони треба да ја задржат оригиналната функција за која биле изградени или да добијат соодветна функција која нема негативно да влијаје на нивните споменички вредности.

При реализација на планот треба да се почитуваат и одредбите од Законот за заштита на културното наследство.

**β. Параметри во однос на просторот кој е предмет на опфат**

Главна одредница во идното планирање на просторот кој е предмет на опфат претставува:

8.10.2. После донесување на Генералниот урбанистички план ќе се пристапи кон изработка на нови Детални урбанистички планови за сите делови од градот поодделно, т.е. интервенции во централното градско подрачје посебно ќе се усогласуваат со нивните контакти содржини со станбената зона.

8.10.3. Во централното градско подрачје, за што поквалитетно донесување одлуки за интервенции , ќе може да се изработуваат Детални урбанистички планови и за помали простори, кои претставуваат амбиентални целини или посебни вредности од аспект на културно наследство или ако нивната атрактивност (како пример некоја улица, плоштад и друго) го бара тоа.

8.10.4. Деталните урбанистички планови ќе можат да се изработуваат за урбани подрачја за Детално планирање прикажани со свои граници во *Генералниот урбанистички план* (ГУП) .

8.10.5. Во граници на планскиот опфат на ГУП Крива Паланка се предвидуваат локации на новопланирани бензински пумпни станици, предвидени на сообраќајници од прв ранг. Се даваат орјентациони површини за планирани нови бензински пумпни станици. Реализација на истите ќе се оствари доколку се исполнети безбедоносните услови , согласно член 34 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. весник на Р.М. бр. 63/12)

## 9. МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА

Планскиот опфат кој е предмет на изработката на овој ***Генерален урбанистички план за град Крива Паланка***, зафаќа површина од 615,00 ха.

Во него се застапени површини со намени: *домување, комерцијални и деловни намени, јавни институции, производство дистрибуција и сервис, зеленило спорт, рекреација и меморијални простори, инфраструктура, сообраќајници и зеленило* се во граници и нормативи кои се дадени во важечкиот Правилник.

При планирањето се почитувани сите пропишани мерки за заштита и спасување, согласно Законот за заштитра и спасување (Сл. весник на Р.М. бр. 36/04, 49/04, 86/08, 124/10 и 18/11), Законот за пожарникарство (Сл. весник на Р.М. бр. 67/04) и другитње позитивни прописи со кои се реглира оваа област со посебен акцент на следни мерки за заштита и спасување:

- Заштита и спасување од пожари, експлозии и опасни материи;
- Заштита и спасување од урнатини
- Заштита и спасување од техничко технолошки несреќи
- Заштита и спасување од поплави
- Евакуација
- Мерки за заштита од културно наследство
- Мерки за заштита од воени разорнувања

- заштита од пожар и експлозија;
- вградување на сите заштитни мерки предвидени со елаборати за заштита како оставен дел на проекти за одделни објекти;
- правилно димензионирање на сообраќајници и тротоари;
- едукација на население за заштита од евентуални технички катастрофи;
- заштитен појас на сообраќајници од повисок ранг (магистрален пат);

### 9.3.Атмосфера

За загаденоста на атмосферата досега не се правени анализи, но состојбите покажуваат нејзина релативна незагаденост. Во наредниот период треба да се има во предвид следното:

- *во планскиот период потребна е контрола на загадувачите на атмосферата и донесување на соодветни програми за отстранување на причините за загадувањето;*
- *користење на горива кои содржат што помалку штетни гасови;*
- *користење а горива во возилата кои испуштаат помалку штетни гасови;*
- *да се создадат зелени појси долж сообраќајните коридори со кои ќе се формира систем на зелени заштитни зони кои најефикасно ќе ја исполнуваат заштитната функција;*

### 9.4.Заштита на воздухот

Во постојно нарушување на квалитетот на амбисталниот воздух во Општината, главно , учество земаат следните фактори: население , сообраќај и индустрија, но не можат да се запостават и другите загадувачи кои негативно влијаат врз здравјето на човекот и околината.

*Загадување на воздухот од локална комунална депонија*

Комунална депонија во Крива Паланка го прифаќа комуналниот отпад, индустриски и медицински отпад се наоѓа во несоодветна локација во близина на Крива река на 5 км. од градот. Непријатната мирисба од самозапалувањето на депонијата се чуствува навечер и насабајле во радиус од 800-1500 метри зависно од временските прилики и струењето на ветровите.

Посебна опасност од оваа депонија доаѓа од инкорпорираноста на различни елементи и сооединенија со различна токсичност и различен период на распаѓање, особено поради фактот што на депонијата често по храна одат голем број на животни кои можат да бидат причина за пренос на различни заболувања.

*Од горе наведеното се доаѓа до заклучок да се преземат мерки за спречување на загадувачот така што во догледно време ако е можно депонијата да се дислоцира на поголема одалеченост од градот. Истата да се загради, заштити од несаканите посетители,. Да се преработува отпадот а не да се пали.*

За аерозагадување може да се зборува доколку една или повеќе загадувачки материи се во таква количина и толку долго во воздухот што стануваат штетни за луѓето, животните и растенијата.

### 9.7.Заштита на земјиштето во загрозени подрачја

Загадувањето на почвата како последица од долготрајната неконтролирана нестручна примена на хемиските средства во земјоделието, се одразува на загадување на почвата и подземните води. Нерационално искористување на шумскиот фонд претставува загадување на воздухот и уништивање на природен ресурс.

- Планско уредување на земјиштето на површини, места загрозени со подземни води, отпадни води, депонирање на смет, деградирано користење на минерални суровини;
- Во заштитените зони да се спроведат мерки за заштита во зависност од видот на загадувачите;
- Заштитата на флората и фауната и биопродуктивните системи, со обновување и одржување на шумскиот фонд, особено на зелените површини непосредно во опкружувањето, долж крајбрежјата на водотеците и покрај рекреатривните подрачја и подрачјата кои имаат заштитна функција околу регионалните патни правци, на целото опкружување;

### 9.8. Плански мерки за заштита од пожари

*Заради остварување на поуспешна заштита од пожари, соодветни мерки за заштита од пожари се предвидуваат во просторните планови на општините и урбанистичките планови за населените места, а особено за:*

- Изворите за снабдување со вода која ќе обезбеди доволно количество вода за гасење на пожари;
- Оддалеченоста меѓу објектите со различна намена и отпорност на пожари на конструкциите внатре во зоната за комерцијални објекти, која ќе овозможи спроведување на мерките за заштита од пожари;
- Ширината , носивоста и проточноста на патиштата со кои ќе се овозможи пристап на противпожарни возила до секој објект и нивно маневрирање за време на гаснењето на пожарите;
- Изработувачот на плановите задолжително прибавува мислење од општинскиот орган на управата надлежен за внатрешни работи во однос на застапеноста на мерките за заштита од пожари.
- Во овој елаборат ќе биде даден осврт на тоа во колкава мера поставките на ГУП одговараат на барањата и мерките содржани во Законот.
- Првата точка упатува на мерката за обезбедување на капацитети на водоводна мрежа и соодветни објекти во мрежата преку кои би се располагало со доволно количества вода за гаснење на пожари во рамките на опфатот на урбаното подрачје.
- Она што е речено во анализите на состојбите и во предвидувањата во понатамошен развој на водоснабдувањето на локалитетот во потполност одговара на мерките и барањата од претходната точка.
- Како поткрепа на овој заклучок се истакнува следното:

4. Уреди за вентилација на просториите.
5. Приодни патишта и премини.
6. Излези и патишта за евакуација на загрозените лица и материјалните добра, од пожар и експлозија.
7. Услови за спасување на луѓето и материјалните добра загрозени од пожар и експлозија.
8. Избор и поставување на уреди и инсталации за автоматско откривање, јавување и гаснење на пожар, како и уреди за мерење на конструкцијата на запаливи и експлозивни смеси.
9. Други мерки за заштита од пожар.

На хидрантската водоводна мрежа со мининален профил од Ф 80 мм. се поставуваат противпожарни хидранти чии приклучни цевоводи имаат пречник најмалку 80 мм.

Хидрантите се поставени на меѓусебно растојание од 80 до 150 м.

Притисокот во хидрантската мрежа не смее да биде понизок од 2,5 бара. Податоците за големина на притисокот во хидранската мрежа ги дава Јавното претпријатие во Крива Паланка надлежно за издавање на хидротехничките услови за приклучување на секој објект.

### 9.9.Мерки за заштита и спасување од воени дејствија

Согласно Законот за заштита и спасување (Сл.в. на РМ бр.36/04, 49/04, 86/08, 124/10 и 18/11), поконкретно во број 86/08, каде во членовите 32 до 37 се изменуваат членовите од 62 до 66, а за единиците на локална самоуправа најбитен е член 64 став 2. Во планскиот опфат, кој е предмет на изработка на овој Урбанистички план вон населено место, треба да се градат објекти отпорни на сеизмички дејствија, обезбедување на противпожарни пречки и изградба на потребната инфраструктура.

За ефикасна заштита на населението и материјалните добра, треба да се обезбедат средстава за лична и колективна заштита, материјално-технички средства потребни за спроведување на мерките за заштита и спасување, обука за примена на средствата за заштита и спасување за во тоа предвидени центри.

### 9.10.Мерки за заштита и спасување од урнатини

Заштитата од урнатини како превентивна мерка се утврдува во урбанистичките решенија во текот на планирањето на просторот, урбанизирање на населбите и изградбата на објектите. Поради тоа се утврдува претпоставениот степен на урнатини, нивниот однос према слободните површини и степенот на проодност на сообраќајниците.

При планирање се води сметка да не се создаваат тесни грла на сообраќајниците и зони на тотални урнатини.

Новопредвидените објекти нема да предизвикуваат урнатини кои ќе овозможат дотур на роба и движење на пешаци пред се поради правилно испланирани сообраќајници, кои се со доволна широчина на профилите.

Заштитата од урнатини се обезбедува со изградба на оптимално отпорни објекти, согласно сеизмолошката карта на РМ, изградени со помала количина на градежен материјал и релативно помали тежини посебно со изработка на АУП.

## 9.14.Хуманитарни мерки

### 9.14.1. Евакуација

*Со изработка на Генералниот урбанистички план треба да се води сметка за диспозиција на објектите.*

За ефикасна заштита на населението потребно е да се води сметка, при изработка на архитектинско-урбанистичкото решение, диспозицијата на самите објектите да не претсавува пречка за брза и непречена евакуација на населението. Исто така при проектирање на самите граби да се води сметка комуникациските коридори да се во согласност со сите важечки стандарди и нормативи, кои ќе обезбедат евакуација во најкраток временски период .

### 9.14.2. Згрижување на загрозено и настрадано население

При евентуално настанување на природни непогоди или воени разурнувања, потребно е да се обезбедат услови за згрижување на загрозеното и настраданото население. Потребна е изработка на посебни елаборати за застапеност на превентивните и оперативните мерки за згрижување на загозеното население како услов за реализација на урбанистичкиот план, на ниво на Архитектонско-урбанистички проект.

### 9.14.3. Прва медицинска помош

Кога ќе се израбоува ахитектонско-урбанистичкиот проект, постои обврска да се вградат потребните мерки и стандарди за примена на прва медицинска помош. При недостиг на знаења и вештини за прва помош постои ризик да се направат катастрофални грешки, кои и најдобрата стручна помош не може да ги компезира, а без стандардни средства за прва помош не може на време и ефикасно да му се помогне на настраданиот.

## 9.15. Асанација на терен

Конфигурацијата на теренот бара студиозна анализа при решавањето на внатрешната сообраќајна мрежа, предвидувањето на позицијата на површините за грдаба, како и трасите на инфраструктурните водови. Потребно е да се предвидат потпорни ѕидови кои нема да претставуваат пречка во функционирањето на градот .

## 9.16. Мерки за заштита на културното наследство

Со Заштитно конзерваторските основи на недвижно културно наследство за генерален урбанистички план на Крива Паланка издадени од Националниот конзерваторски центар - Скопје е определен режим на заштита на подрачје на опфат и на поединечните заштитени добра.

**Крајбрежен појас на водотеци**

Во Блок 10 поминува регулирано речно корито на Крива Река со профил од 40 метри и граничи со регулиран Дол - Житен склад, со профил од 4 метри и Скљавски дол со профил 6 метри.
Заради заштита на коритата и бреговите на природните водотеци, се забранува изградба во крајбрежен појас.
Ширината на крајбрежниот појас на уреденото речно корито на Крива Река изнесува 5,0 метри мерено од крајната линија на регулацијата на речното корито.
Ширината на крајбрежниот појас на уредените речни корита и бреговите на сите останати водотеци, порои, изнесува 5,0 метри.
Постојните објекти кои се изградени на помало растојание остануваат и понатаму да функционираат. Во колку се јави неопходна потреба од изградба на нов објект на помало растојание од наведеното, истиот би можело да се предвиди со претходно добиена согласност од органот надлежен за управување со води.
За реки и долови кои не се регулирани а се во планскиот опфат на градот се предвидува изведување на регулирано речно корито, кое ќе се предвиди при изработка на ДУП, а со претходна изработка на проект на речното корито.
Заради заштита и спречување на оштетување на водостопански објекти и постројки се забранува да се изведуваат градби или да се вршат работи со кои се оштетуваат објектите и постројките.
Изведување на водостопански објекти и постројки да се врши во согласност со прифатени современи техники и стандарди, прилагодени на научно-техничкиот развој на начин кој нема да предизвика негативно влијание врз режимот на водите и врз корисниците.
За објекти кои се наоѓаат во или покрај површинските води кои можат да влијаат врз режимот на водите, дозвола за користење на вода и дозвола за испуштање на оптпадните води треба да се обезбеди водостопанска согласност од Министерство за животна средина и просторно планирање, согласно Закон за води.

- **Културно наследство**

Според Заштитно конзерваторските основи на недвижно културно наследство за генерален урбанистички план на Крива Паланка издадени од Националниот конзерваторски центар - Скопје, во рамките на овој блок се наоѓа незаштитеното добро кое заслужува да биде заштитено - Спомен костурница со црква. Контактните зони за овој објект подлежат на режим на заштита од трет степен.

Режим на заштита на поединечните добра:

- За објектот под **бр. 20 (Спомен костурница со црква)** се определуваат следните мерки: конзерваторско-реставраторски интервенции со цел задржување на постојната состојба на недвижното добро (габарит, висина, екстериерни/ентериерни специфики и карактеристични детали).




Планска програма за измена на намена
во ГУП за Блок 10А
Општина Крива Паланка
2021- 2031 година

Граница на плански опфат 11.86 ха

## ЛЕГЕНДА

| | |
|---|---|
| - Катастарски план (парцели и згради) | — |
| - Број на катастаска парцела | 1736 |
| - Намена на зграда - станбена | // |
| - Намена на зграда - помошна | × |
| - Намена на зграда - станбено-деловна | // |
| - Котна ситуација | 646.88 |
| - Опфат | — — — |
| - Објекти од инфраструктура | |

# АЖУРИРАНА ГЕОДЕТСКА ПОДЛОГА

1:1000

ПЛАНЕРИС КУМАНОВО

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| содржина | Ажурирана геодетска подлога | | | | |
| фаза | Планска програма | | | | У |
| планер: Илиевска Снежана д.и.а. лиценцирана бр.0.0048 | | донесител | Општина Крива Паланка | | |
| изработил: Калајџиска Меланија д.и.а. лиценцирана бр.0.0817 | | план | Измена на намена во ГУП за Блок 10А | | |
| одговорен: Илиевски Филип | | размер | 1:1000 | 28/21 | 09.2022 | 01 |